Врз основа на членот 11. од законот за здруженија, основното собрание на Професионални пожарникари на Република Македонија на состанокот одржан на 01. 01. 2006 г донесен е :

# С Т А Т У Т
# НА ЗДРУЖЕНИЕТО

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### ЧЛЕН – 1.

Здружението на Професионални Пожарникари на Република Македонија е доброволно, стручно, хуманитарно и непартијско здружение во кое се здружуваат работно способни државјани на Република Македонија И правни лица со седиште во Р. Македонија со оглед на подобрувањто на статусот И состојбата на Професионалните Пожарникари.

### ЧЛЕН – 2.

Името на здружението е :
ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ ПОЖАРНИКАРИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА
Називот на англијски јазик е : Professional fire association of Strumica

### ЧЛЕН – 3.

Седиштето на Здружението на Професионалните пожарникари ке биде во Струмица.

### ЧЛЕН – 4.

Здружението на Професионалните Пожарникари ке има жиг и печат, чија форма и големина ке бидат пропишани со овој Статут.
Печатот е со кружен облик.
Жигот е со четвртаста форма – облик.
Поголемиот печат е со димензии 40 мм, а помалиот печат е со димензии 30 мм., на кого е испишано целото име на здружението, а во средината на печатот напишано е седиштето на фирмата и знакот.
Жигот е со должина од 67 мм и ширина од 32 мм, на истиот е испишано полното име на здружението и седиштето.

### ЧЛЕН – 5.

Здружението може да соработува и да се зачленува во слични асоцијации и здруженија во земјата и во странство. Одлуката за зачленување на здружението со други здруженија и асоцијации во земјата и странство ја донесува претседателството на задружението.

Подрачје на дејствување и застапување на здружението.

### ЧЛЕН – 6.

Здруж ението дејствува на подрачјето на град Струмица непосредно или преку своите подружници кои се формирани за подрачјето на една или повеќе единици на локалната самоуправа.

### ЧЛЕН – 7.

## 2. ЦЕЛ НАЧИН, НА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ И ЈАВНОСТА НА РАБОТАТА

### ЧЛЕН – 8.

Цел на Здружението е развој и унапредување на Професионалните Пожарникари, стручно поврзување на Професионалните Пожарникари, усовршување на членовите и

застапување на интересите на членовите на здружението.

Остварувањето од целите од став 1 на овој член Здружението ги остварува следните активности:

1. Промовирање по пат на електронските медиуми, пресконференции, летоци, брошури, јавни вежби и слични пропратни материјали и манифестации, соработка со органите на државната власт, претпријатија и други правни и физички лица за унапредувње на професионалното пожарникарство.
2. Унапредување на сегашната состојба на пожарникарството со предлагање на телата на градската и државната власт за подобрување на организацијата на целокупното пожарникарство, изнаогање на оптимални решенија за организација на пожарникарството на подрачјето на општина Струмица.
3. Стручното поврзување се остварува по пат на стручен збир на кое се анализират стручните постапки на професионалните пожарникари, противпожарните интервенции, на теориjските и преактичните вежби за обука, анализа на поедини поголеми специфични противпожарни интервенции, заземање стручно мислење за интервенциите, давање предлози за подобрување и унапредување на противпожарната служба.
4. Усовршување на членовите на здружението ќе се спроведува со организација на оспособување поединечно или преку овластени институции, организирање семинари, конгреси И трибини за поважните прашања од подрачјето на пожарникарството и заштитата од пожари.
5. Застапување на интересите на членовите на здружението ќе се спроведува спрема органите на локалната самоуправа со цел на создавање на реалната слика за работата и дејствувањето на професионалните пожарникари, нивните права и интереси кои произлегуват од тоа.

ЧЛЕН -9.

Работата на здружението е јавна.
Јавноста на работата на здружението се состои со правовремено известување на членовите на здружението со писмен материјал, јавни седници на телата на здружението, електронските медиуми и други соопштенија.

Јавноста може да се исклучи од седниците на телата на здружението само ако телото кое одржува седница процени дека тоа би можело да му наштети на успехот на здружението. Здружението може да издава билтени, публикации, плакати или друг рекламен материјал со кој би се промовирала работата на здружението.

## 3. ЧЛЕНОВИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО,НИВНИТЕ ПРАВА И ОБВРСКИ

ЧЛЕН – 10.

Член на оваа здружение може да стане секој професионален пожарникар вработен во Териториjалните Професионални Противпожарни Единицаи на Република Македонија, работно способни граѓани на Република Македонија и правни лица со седиште во Република Македонија кои го подржуват работењето на Здружението.
Секретарот на здружението води регистар на своите членови.

ЧЛЕН – 11.

Права и обврски на членовите се:

1. Да бират и да бидат избрани во телата на здружението.
2. Да бидат редовно известувани за работата на здружението.
3. Активно да учествува во извршувањето на целите на здружението и да допринесува за остварувањето на неговите задачи.
4. Редовно да плаќаат членарина.
5. Да го чуваат и подигат угледот на Професионалниот Пожарникар и Здружението.

ЧЛЕН – 12.

Членството во здружението престанува:
1. Со престанок на работењето на здружението.
2. Писмена изјава за престанок на членството во здружението.
3. Исклучување од членството.
4. Неплаќање членарина повеќе од три месеци.

ЧЛЕН – 13.

Членот на здружението ќе биде исклучен од здружението ако ги прекрши одредбите на овој статут, ги загрози загрози интересите на здружението, нанесување штета на Професионалните Пожарникари, нанесување на поголема материјална штета на Професионалната Единица за која е утврдена со закон предвидена постапка.

Одлука за исклучување на членот од здружението донесува претседателот на здружението со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Исклучениот член од задружението има право на жалба до собранието чија одлука е крајна.

## 5. ТЕЛА ( ОРГАНИ ) НА ЗДРУЖЕНИЕТО

ЧЛЕН – 14

Органи на здружението се:

1. Собрание
2. Претседателств
3. Претседател

### СОБРАНИЕ

ЧЛЕН – 15

Собранието е највисокото тело на здружението, го сочинуват членови, физички лица, претставник на правните лица кои се членови на здружението назначени од страна на овластено правно лице.

ЧЛЕН – 16

Претседателот на собранието истовремено е и претседател на претседателството.
Редовното собрание на здружението мора да се свикува најмалку еднаш годишно.

Вонредното собрание на здружението се свикува секогаш кога тоа го налагат интересите на здружението, каде се разгледуват само прашањата за кои е свикано собранието. Претседателот на здружението може да свика вонредно собрание на здружението на сопствена иницијатива, или на барање на најмалку една третина од вкупниот број членови на собранието во рок од петнаесет дена од денот на доставувањето на барањето на една третина од членовите, ќе ги повика предлагачите во рок од петнаесет дена.

Собранието на здружението се повикува со достава на писмена покана на сите членови на собранието, со тоа што од денот на доставување до одржувањето на собранието треба да поминат најмалку седум дена.

Поканата за собранието мора да содржи:

- Место и време на одржување на собранието и
- Предлог на дневен ред на собранието.

Секој член на собранието може по писмен пат да бара со наведување причина за тоа на дневниот ред на собранието да се стават и други прашања.

Барањето мора да се достави до претседателот на здружението најкасно за три дена од денот на примањето на поканата за седница на собранието.

ЧЛЕН – 17

Собранието валидно може да одлучува ако се присутни најмалку половина од сите членови на собранието.

Правосилни одлуки се донесуват со мнозинство гласови на присутните членови на собранието, со присуство на половина мнозинство освен ако со овој статут за поединечни прашања не е на друг начин ( попинаку ) одредено.

Одлуки за измени И допуни на статутот, донесување на нов статут или престанок на работата на здружението собранието ги донесува со двотретинско мнозинство од присутните членови на собранието.

ЧЛЕН – 18

Собранието одлучува за следните прашања:

1. Избор и разрешување на претседателот на здружението.
2. Избор и разрешување на членови на собранието.
3. Измени и допуни на статутот – односно донесување на нов статут.
4. Финансијски извештај.
5. За други прашања од значење за работата на собранието.
6. Акти утврдени со овој статут кои не се ставени во надлежност на друго тело на здружението.

6. ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

ЧЛЕН – 19

Претседателството на здружението има три члена И тоа:

- Претседател на здружението
- Секретар на здружението и
- Еден член

Претседателството го бира собранието со мандат од четири години.

Членовите на Претседателството на здружението можат да бидат избирани повеке пати. Членовите на Претседателството на здружението за својата работа одговараат пред собранието на здружението.

Собранието на здружението може да го отповика секој член на Претседателството на здружението кога за тоа постои важна причина како што е прекорачување на овластувањето, несовесно извршување на обврските на штета на здружението и сл..

Одлуката за отповикување и наименување на поедини членови Председателството ја донесува со надполовично мнозинство на присутните членови на собранието.

ЧЛЕН - 20

Претседателот на здружението истовремено е и Претседател ан Претседателството.
Претседателот на Здружението ги повикува и претседава со седниците на Претседателството на здружението и го застапува Здружението.

ЧЛЕН – 21

Претседателството на здружението на Професионалните Пожарникари на град Струмица посебно одлучува на своите седници за:

- Висината на членарината.
- Утврдување на предлог за годишниот финансов план на Здружението.
- Материјално – Финансијско работење и користење на имотот на здружението.
- Прием и исклучување на членови на Здружението.
- Членови на стручното собрание.
- Спроведување одлуки, заклучоци и општи акти, објавува и други работи кои му ги доверило собранието.
- Промена на адресата на седиштето.

Седниците на Претседателството ги повикува и води Претседателот а се свикуваат и одржуват спрема потребите на Здружението.
Правосилни одлуки претседателството донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови.

СЕКРЕТАР

ЧЛЕН – 22

Секретарот на Здружението го наименува Собранието и по ранг е член на Претседателството на Здружението.

СЕКРЕТАР

- Извршува уредбени и кадровски работи во Здружението.
- Припрема материјали за седницата на Собранието и Претседателството на Здружението.
- Му предлага на Претседателството на Здружението донесување на други општи акти, одговорен е за извршување на финансијскиот план и финансијското работење на Здружението.
- Објавува и други работи кои му ги доверува Претседателството и Претседателот.

## 7 – ИМОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

ЧЛЕН – 23

Паричните средства кои Здружението ги срекнало со уплата на членарина, доброволни прилози, дарови даноци, средства остварени со организирање на семинари и предавања, приходи од издавачка дејност согласно со посебните прописи и останати приходи согласно со законот го чинат имотот на Здружението.

ЧЛЕН – 24

За своите обврски спрема трети лица Здружението одговара со целиот свој имот.
Претседателот на Здружението има целосно право на располагање со имотот на здружението врз основа на освоениот финансијски план за што поднесува извештај на Претседателството на Здружението.

ЧЛЕН – 25

Здружението води работни книги и составува финансијско известување според прописите со кои се уредува начинот на водење на книговодството на непрофитните организации.

## 8 – ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

ЧЛЕН – 26

Здружението престанува со работа со одлука на Собранието на Здружението и во случаи пропишани со законот.
Во случај на престанок со работа, имотот на Здружението им припага на членовите на Здружението во еднакви делови.

ЧЛЕН – 27

Овој СТАТУТ стапува на сила и се применува од денот на донесувањето.

Претседател на Здружението